**До Министерство за животна средина**

**и просторно планирање**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
СКОПЈЕ

| Примено: 16. 04. 2015 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 11 | 3609/2 | | |

**Мислење и забелешки за проектот: Инсталација за преработка на стари автомобилски гуми со пиролиза во с. Брод, Општина Новаци**

Месната заедница од с. Бач, Општина Новаци ги дава забелешки за предвидената инсталација за преработка на стари автомобилски гуми со пиролиза во с. Брод, Општина Новаци.

1. Со изградбата на ваков објект нема да има никаква економска корист за локалното население бидејќи е предвидено да работат само 2 работници во една смена, така да нема да се подобри економската слика во околните села.
2. Емисијата на штетни материи од објектот за преработка на гуми ќе предизвика загадување на земјоделските површини, кумулација на токсични материи во растенијата, загадување на пасиштата каде што се напасува добитокот, загадување на Црна река, како и загадување на пошироката околина.
3. При евентуална хаварија во погонот може да дојде до штетни последици на водениот свет во Црна река и понатаму во Тиквешко езеро. Исто така ако дојде до истекување на маслото кое ќе се добива при преработката на гумите ќе има негативни ефекти и по околните земјоделски површини.

4. Загадувањето на атмосферата кое и во овој момент е на многу високо ниво ќе биде уште поизразено и можно е да се очекува зголемување на бројот на заболени лица со белодробни заболувања.
5. Изградбата на ваков објект ќе влијае негативно по здравјето на луѓето од село Бач и околните места, потоа негативно ќе се одрази на приносот на земјоделски кутури, би имало негативно влијание врз пчеларството, рибарството итн.
6. Сметаме дека не е направена опсежна анализа на потенцијалните ризици од изградбата на ваков објект за преработка на гуми, а последиците ќе ги трпиме ние како население кое ќе биде во секојдневен директен контакт со издувните гасови, саѓите, прашината и штетните елементи од работата на ваквата фабрика.
7. Месната заедница од с. Бач дава негативно мислење за изградба на ваков погон за рециклажа на гуми и не го поддржува градењето во склоп на сепарацијата за песок сместена до реката Елешка.
8. Ги молиме Градоначалникот и Советот на Општина Новаци да ги прифати нашите забелешки и да се заложи до надлежните институции да не се гради ваков погон на предвидената локација во стопанскиот двор на Стентон Градба на сепарацијата во непосредна близина на с. Брод.

Бач
14-04-2015

М.З. Претседател:
А Злат...

(печат: ... «БАЧ» ... Општина Новаци)